МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 82-љ став (42) од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16, 39/16 и 147/17), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА БОДУВАЊЕ НА ПРВИОТ И ВТОРИОТ ДЕЛ ОД ИСПИТОТ ЗА ШУМСКИ ПОЛИЦАЕЦ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на бодување на првиот и вториот дел од испитот за шумски полицаец (во натамошниот текст: испитот).

## Член 2

Испитот се состои од два дела, стручен дел на испитот и тактичко-технички дел на испитот.

## Член 3

Во испитот се содржани прашања од областите кои биле опфатени со спроведената обука за засновање на работен однос.

Во зависност од тоа кој дел од испитот се полага, прашањата се поделени на два дела и тоа:

- прашања од стручниот дел на испитот кој содржи вкупно 30 прашања и
- прашања од тактичко-техничкиот дел на испитот кој содржи вкупно 30 прашања.

Секое прашање се состои од 5 понудени опции за заокружување од кои една е точна, две се слични, една е неточна во мал обем (се губат мал број на поени) и една е неточна во голем обем (се губат голем број на поени).

## Член 4

Прашањата од испитот во зависност од понудените опции се вреднуваат со поени и тоа:

- секој точен одговор се бодува со 1 поен,
- секој неточен одговор во мал обем се бодува со 0,5 поени и
- секој неточен одговор во голем обем и сличните не се бодуваат Поените на прашањата се определени во тестот.

**Член 5**

Кандидатот кој во стручен дел на испитот ќе освои најмалку 60% од вкупниот број на предвидени поени односно доколку постигнал најмалку 18 поени, се смета дека го положил стручниот дел од испитот и се стекнува со право да го полага тактичкотехничкиот дел од испитот.

Кандидатот кој во тактичко-техничкиот дел од испитот ќе освои најмалку 60% од вкупниот број на предвидени поени односно доколку постигнал најмалку 18 поени, се смета дека го положил тактичко-техничкиот дел од испитот.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.111-3683/1
12 март 2019 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Николовски,** с.р.